**20121383393**

**ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 став 5 точка и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 9 октомври 2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКИТЕ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО И ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА БОЛЕСТА И ПОВРЕДАТА

Член 1

Во Правилник за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата („Службен весник на Република Македонија“ број 30/2006, 22/2009, 58/2009, 140/2009, 44/2010, 81/2010, 154/2010, 95/2011 –пречистен текст, 29/2012 и 63/2012), во ставот 3 на членот 5 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

„како и во случај кога лекарската комисија ретроактивно дава мислење за остварување на право за привремена спреченост за работа врз основа на оправдани медицински индикации за неподвижни пациенти кои боледуваат од малигно заболување, цереброваскуларен инсулт со тешки последици, политраума, мултиплекс склероза и терминална фаза на болест“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-18500/6
9 октомври 2012 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.